**20211672783**

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 43 став (11) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР

Член 1

Во Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/19), во член 2 во ставот (3) зборовите„во четири сесии во јануари, април, јули и октомври,“се бришат.

Член 2

Во член 4 ставот (7) се менува и гласи:

„(7) Советот ги објавува резултатите од испитот на својата веб страница најдоцна 15 дена по завршувањето на испитот.“

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) По исклучок од ставот (7) на овој член, Советот доставува писмено известување до инспекциската служба, чиј кандидат не го положил испитот по втор пат.“

Член 3

Во член 7, по ставот (2),се додаваат два нови ставови (3) и (4), кои гласат:

„(3) Доколку инспекциската служба нема доволен број на инспектори за учество во Комисијата од ставот (2) на овој член, во нејзината работа може да бидат номинирани инспектори од други инспекциски служби.

(4) Доколку членот на Советот за соодветната област, од оправдани причини (боледување, отсуство и друго), не е во можност да учествува во работата на Комисијата од ставот (2) на овој член, Советот ќе номинира друг член.“

Ставовите (3), (4), (5) и (6), стануваат ставови (5), (6), (7) и (8).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-386/1
27 мај 2021 година
Скопје

Претседател
на Инспекциски совет,
м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска**, с.р.